Друштво за производство, трговија и услуги
АВТ ИНТЕРНАТИОНАЛ ДОО Скопје
Бр. 03-88
08.03.2019 год.
СКОПЈЕ

Согласно член 126 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри (Службен весник на РМ број 24/2011, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12 и 27/14) , Друштвото за производство, трговија и услуги „АВТ Интернатионал" ДОО Скопје, со адреса на Бул.„Киро Глигоров" бр.4 Гази Баба,100 Скопје , со ЕДБ МК 4030995162874 и ЕМБС 5024480 , ги донесе следниве:

**ПРАВИЛА**
**на Наградната игра "Дали сте Тотално подготвени?"**

**Член 1 Организатор**

Организатор на Наградната игра "**Дали сте Тотално подготвени?**"(од тука натака споменувана како "Наградна игра") е Друштвото за производство, трговија и услуги „АВТ Интернатионал" ДОО Скопје, со адреса на Бул.„Киро Глигоров" бр.4 Гази Баба 1000 Скопје (од тука натаму споменуван како "Организатор").
Организаторот ќе ја организира Наградната игра во согласност со Официјалните правила на Наградната игра (од тука па натаму споменувани како "Официјални правила").

**Член 2 Цел**

Целта на оваа наградна игра е рекламирање на паста за заби Colgate „Тотал" 75мл и 100мл пакување.

**Член 3 ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА**

Наградната игра ќе започне од 01-ви Април 2019 година и ќе трае до 15-ти Мај 2019 година.

**Член 4 ОПИС НА НАГРАДНАТА ИГРА**

**Член 4.1. ТЕРИТОРИЈА**

Наградната игра ќе се организира и ќе се спроведува на територијата на Република Северна Македонија.

**Член 4.2. ПРАВО НА УЧЕСТВО**

Право на учество во Наградната игра имаат сите полнолетни лица (со наполнети 18 години), кои се жители на Република Северна Македонија.
Вработените во Друштвото за производство, трговија и услуги „АВТ Интернатионал" ДОО Скопје, Колгејт-Палмолив Адриа Д.О.О Љубљана - Преставништво Скопје и членовите на нивните потесни семејства ( родители, деца , брачен другар) немаат право на учество во Наградната игра.

**Член 4.3. МЕХАНИЗАМ НА НАГРАДНАТА ИГРА**

Организаторот на наградната игра во периодот додека трае наградната игра ќе пушти во промет неограничени количини од своите производи Colgate Тотал пасти за заби 75мл и 100мл.
Производите предмет на наградната игра ќе бидат комуницирани промотивните материјали изложени на местата на продажба во маркетите во кои се спроведува наградната игра (лифлети, постери, воблери,банери).

**Член 4.4. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА**

За да можат да учествуваат во наградната игра, потенцијалните учесници потребно е да купат еден од производите Colgate Тотал (пасти за заби), предмет на оваа наградна игра, и да го испратат бројот на фискалната сметка со точниот час на купување по пат на СМС порака на бројот 141-514, кој важи за сите мобилни оператори без користење на префикс (цената на СМС пораката изнесува 5,9 денари со вклучен ДДВ ).
Секој учесник во наградната игра е должен да ја чува фискалната сметка за купениот производ до подигањето на потенцијалната награда, како услов да ја добие истата.

Сите СМС пораки кои се испратени пред започнувањето на наградната игра 01-ви Април 2019 година, како и сите СМС пораки кои ќе бидат испратени по завршувањето на наградната игра 15-ти Мај 2019 година, нема да учествуваат во извлекувањето на наградната игра.
Не постои никакво ограничување во поглед на бројот на броеви на фискална сметка од страна на еден учесник. Бројот на фискалната сметка и точниот час на купување може да се испрати само еднаш. Сите броеви на фискални сметки кои ќе бидат примени преку СМС пораки, од страна на организаторот на наградната игра ќе бидат верификувани. По верификувањето на добиените броеви на фискални сметки, секој учесник во наградната игра ќе добие повратен одговор, во зависност од испратениот број на фискална сметка.
Повратните кодови се следниве:
1. Кога учесникот праќа валиден СМС, системот испраќа одговор, дека бројот на фискалната сметка е регистриран за наградната игра.
2. Доколку се испрати празен СМС, системот испраќа одговор дека пораката е празна, како е потребно да се изврши исправна регистрација.
3. Доколку биде испратен СМС што содржи број на фискална сметка или е испратен веќе ист број на фискална сметка и час на купување , системот испраќа одговор, дека бројот е невалиден или е веќе искористен.
4. Доколку биде испратен СМС пред периодот на наградната игра, системот испраќа одговор на бројот од мобилниот телефон на лицето што се обидело да се регистрира, дека кампањата сè уште не е стартувана.
5. Доколку биде испратен СМС по периодот на наградната игра, системот испраќа одговор дека кампањата е завршена.

Еден единствен број на фискална сметка и час на купување може да биде испратен по СМС само еднаш.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ СКОПЈЕ IV